**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**[1]
**Д-р Невена Петровска**[2]
**Тања Кикерекова**[3]

# ПОВАЖНИТЕ ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА ВО СВЕТЛИНАТА НА ТЕНДЕНЦИИТЕ И СОСТОЈБИТЕ СО ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.137.5:340.13(497.7)**
**343.91-053.2/.6(497.7)"2019/2023"**

**Апстракт**

Правдата за децата во нашата држава во значителна мера се унапреди со донесувањето на новиот Закон за правда за децата. Целта на овој труд е да се направи краток осврт на поважните измени во законот а во светлина на Директивите на ЕУ што се транспонирани во одредбите на законот. Посебно е нагласено начелото за најдобар интерес на детето кое за првпат се дефинира во одредбите на законот и направен е осврт врз проширениот опфат на поимот за дете жртва и проширување на правата на жртвата. Особено е важно што детално е пропишан главниот претрес и унапредени се одредбите во однос на превенција на детско престапништво. Во трудот е направена и анализа на трендовите и состојбите со детското престапништво во периодот 2019-2023 година од што произлегува дека недоволно се користат во практиката дел од законските одредби, а потребно е и да се зајакне меѓуинституционалната соработка

**Клучни зборови:** дете во ризик, дете во судир со законот, дете жртва, најдобар интерес на детето, Закон за правда за децата, превенција на детско престапништво

## ВОВЕД

Детското престапништво и правата на децата во ризик, децата жртви и децата во судир со законот се значајни аспекти, особено во контекст на промените на законодавството и новите предизвици со кои се соочуваат и децата и општеството. Конвенцијата за правата на децата е основен документ што ги заштитува правата на децата, вклучувајќи ги социјално-економските, културните,

[1] Редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
[2] Советник во ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.
[3] Раководител на Секторот за меѓународна правна соработка во Министерството за правда на РСМ.

семејните и личните права, нагласувајќи дека најдобриот интерес на детето мора да биде од примарна важност во сите постапки што се однесуваат на него.

Во последните години, Советот на Европа воведе нови директиви што се фокусираат на подобрување на системите за заштита токму на оваа ранлива категорија деца. Директивите се насочени кон создавање интегриран пристап за справување со детското престапништво, вклучувајќи алтернативни мерки и поддршка за реинтеграција и ресоцијализација на децата.

Промените во законодавството и донесувањето на новиот Закон за правда за децата (ЗПД)[4] овозможуваат подобра поддршка на децата во ризик и децата жртви, специјализирани мерки за помош и поддршка, со акцент на превенцијата на детското престапништво. Континуираното следење и усогласување со меѓународните стандарди за правата на децата во делот на превенција подразбира развивање програми што се адресирани на специфичните потреби на децата во ризик, но и оние што се соочуваат со правниот систем. Секако, превенцијата значи и родителска поддршка, развивање програми за подобрување на родителските вештини, бидејќи најефикасна поддршка децата добиваат преку поддршка на нивните родители и воопшто на семејството.

Затоа, континуирана анализа на податоците за појава и третман на детското престапништво може да помогне во идентификувањето на трендовите и развојот на стратегии за превенција. Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за децата (во натамошен текст: Државен совет)[5] изготвува Годишни извештаи за состојбата со детското престапништво врз основа на утврдени индикатори. Преку индикаторите се следат тенденциите на раст или на намалувањето на појавата, ефикасноста и ефективноста на институциите во спроведување на Законот за правда за децата, примената на мерките за помош и заштита, на воспитните и алтернативните мерки и примената на санкции. Но, анализата на податоци за детското престапништво на годишно ниво не ја одразува секогаш реалната слика на предизвикот од повеќе причини, пред сè, поради институционалните бариери, различностите и спецификите на локално ниво, следењето само сезонски, краткорочни флуктуации, фокусирањето на краткорочни податоци, тешкотиите во раното детектирање на промените и други фактори што имаат влијанија и за кои е потребно дополнителна анализа. Годишните извештаи имаат функција кога се преземаат брзи активности и се носат интервентни одлуки за санирање на најприоритетните предизвици, и тоа најчесто на локално ниво, што секако Државниот совет може да го иницира, да го следи и да го поддржи.

Предноста на анализа на податоците на подолг период, на пример, на петгодишен период, овозможува системски пристап, подлабок увид во промените што води кон идентификација на долгогодишни предизвици, можност за откривање на причините, споредба на различните политики, иницирање истражувања и помош при согледувањето на долгорочните трендови и промени во детското престапништво, што е значајно за стратешко планирање и вклучување на сите сектори преку меѓусекторска соработка. Истовремено, може да се воочи дали одредени демографски групи во однос на другите покажуваат повисок ризик, со

---

[4] Закон за правда за децата, „Службен весник на РСМ“ бр. 66 од 20.3.2024 г.
[5] Достапни на: www.dspdp.mk.

цел да се предлагаат системски решенија и да се приспособуваат мерките за превенција кон новите трендови.

Во 2020 година беше направена петгодишна анализа на Годишните извештаи на Државниот совет, и тоа за периодот од 2014 година до 2018 година, со заклучни согледувања за состојбата со детското престапништво и препораки.[6] Оваа анализа се однесува на податоците од 2019 година до 2023 година, петгодишен период во кој е донесен и нов Закон за правда за децата во кој се инкорпорирани релевантните директиви на ЕУ,[7] како и новата Национална стратегија за превенција и правда за децата (2022–2027).[8]

Целта на овој труд е да се укаже на поважните измени во ЗПД со кои значително се унапреди системот за правда за децата и да се претстави споредбата на податоците добиени од индикаторите за петгодишен период од 2019 до 2023 година со претходната анализа, според категории деца согласно Законот за правда за децата, но и според преземени постапки од страна на институциите. Во анализата ќе се прикаже состојбата со детското престапништво во нашата држава, односно состојбата со децата во ризик и децата што извршиле дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, и состојбата со децата жртви на кривични дела и децата сведоци. Критични се податоците од 2020 година, кога беше активна пандемијата, но сепак тие се официјални податоци добиени од институциите и имаат иста вредност како и другите. За секоја констатирана состојба следуваат заклучоци и препораки за подобрување на постапувањата на институциите, а во најдобар интерес на децата.

## 1. Поважни измени на Законот за правда за децата од 2024 година

При изработката на одредбите од ЗПД од 2024 година, предвид беа земени повеќе релевантни европски и меѓународни документи:

i) релевантните директиви на ЕУ;[9] и

---

[6] Г. Лажетиќ/Н. Петровска, Состојбата со детското престапништво низ извештаите на Државниот совет за превенција на детско престапништво, Меѓународен ден за толеранција на тема: Ефектот од имплементација на Конвенцијата за правата на детето, Центар за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, МАНУ, 20.11.2019 г.

[7] Директивата EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата што се осомничени или обвинети во кривична постапка; Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220/ЈНА.

[8] www.dspdp.mk.

[9] Directive (EU) 2016/343 of the European Parliament and of the Council on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings; Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings; Directive 2013/48/EU of the European Parliament and of the Council on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and in European arrest warrant proceedings, and on the right to have a third party informed upon deprivation of liberty and to communicate with third persons and with consular authorities while deprived of liberty; Directive 2012/13/eu of the European Parliament and of the Council on the right to information in criminal proceedings; Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council establishing minimum

ii) т.н. секторски директиви што се однесуваат на определени видови жртви.[10]

Речиси целосно се транспонирани Директивата за процесната заштита во текот на кривичната постапка и Директивата за правата на жртвите.

Имајќи го предвид значењето на Конвенцијата за правата на детето во креирањето на одредбите на ЗПД како раководни во однос на определени аспекти, предвид беа земени и одредбите од Општиот коментар бр. 24 (2019) за правата на децата во системот за детска правда од Комитетот за правата на детето.[11]

### 1.1. Реафирмирање и надградување на основните начела

**Најдобар интерес на детето.** ЗПД за првпат го дефинира начелото на најдобар интерес на детето. Ова начело е едно од водечките начела на КПД, кое не е прецизно дефинирано, туку зависи од околностите на случајот и потребите и интересите на детето.[12] Според ЗПД, најдобриот интерес на детето подразбира постапување и одлучување, при што примарно значење имаат интересите на детето за негова заштита, воспитување, превоспитување и правилен раст и развој и ефектите што таквото постапување, односно одлучување ги има врз детето, при што е пропишано дека секогаш најдобриот интерес на детето има статус на подоминантно начело, доколку случајно дојде во судир со други интереси, материјални и процесни одредби што го тангираат постапувањето или одлучувањето поврзано со детето. Како резултат на вака дефинираното начело, сите специјализирани органи се должни да вложат посебно внимание и разумно приспособување на средината во случај на постапување спрема дете согласно одредбите на овој закон, со цел да обезбедување детето да учествува во постапката без непотребни оптоварувања, почитувајќи ги правото на приватност и заштитата на личните податоци.[13]

**Активно учество во постапката**. Со цел да се овозможи детето активно да учествува во постапката, во ЗПД се унапредени начелата што го пропишуваат

---

standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA.

[10] Directive 2011/36/EU of the European Parliament and of the Council of April 2011 on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims, and replacing Council Framework Decision 2002/629/JHA (OJ L101, 15.4.2011, p. 1); Directive 2011/93/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA (OJ L335, 17.12.2011, p. 1); Directive (EU) 2017/541 of the European Parliament and of the Council of 15 March 2017 on combating terrorism and replacing Council Framework Decision 2002/475/JHA and amending Council Decision 2005/671/JHA.

[11] General comment No. 24 (2019) on children's rights in the child justice system, Committee on the Rights of the Child, UN, 18.09.2019.

[12] Член 3 од КПД; подетално види: Guidelines on the assessment and determination of the best interests of the child, guidelines for professionals, Sarajevo, June 2018; The best interests of the child – A dialogue between theory and practice, Council of Europe, March 2016; Implementation handbook for the Convention on the rights of the child, Fully revised third edition, United Nations Children's Fund 2007.

[13] Член 3 од ЗПД.

правото на детето да биде информирано за правата, но и обврската да му бидат дадени правата во писмена форма (bill of rights). Имено, детето има право да добие писмена поука за правата, но и да биде усно информирано за текот на постапувањето, и има право на поплака и претставка за заштита на правата пред Народниот правобранител и други органи и институции што имаат надлежност да се грижат за правата на детето. Потребно е на соодветен начин, на јазик што го разбира и со терминологија приспособена кон неговата возраст и зрелост на детето да му се појаснат смислата на правата што ги има и начинот за тоа како може да ги користи.[14]

**Примена на начелото на целесообразност**. Нагласена е примената на ова начело во повеќе облици на постапување во ЗПД. Ова начело претставува исклучок од начелото на легалитет што го обврзува јавниот обвинител, како единствен овластен, да гони за кривични дела сторени од деца во судир со законот, но му овозможува дискреција и оцена за тоа дали во секој случај ќе поведе постапка.[15] Имено, во членот 19 од ЗПД е пропишано дека за дејствие на дете над 14-годишна возраст, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, надлежните органи и институции по правило не поведуваат судска постапка со цел да се избегне штетното влијание врз детето. Судска постапка по правило се поведува само во случаите предвидени како кривично дело со овој закон ако детето над 14-годишна возраст сторило дејствие што е предвидено како кривично дело за кое се изрекува казна затвор од три години или потешка казна, или во случај кога целта на мерките или на санкциите утврдени со овој закон не може да се постигне без таква постапка.

### 1.2. Поширок опфат на поимот „дете жртва“

Во членот 21 од ЗПД се транспонирани одредбите од Директивата 2012/29/ЕУ за жртвите и притоа значајна новина е проширувањето на опфатот на дефинициите во однос на детето жртва, и тоа:

- дете жртва е секое дете до 18-годишна возраст, кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на извршено дејствие со закон предвидено како казниво дело;

- за дете жртва се смета и лице чија возраст не може со сигурност да се утврди ако постојат причини да се верува дека е дете жртва;

- за жртви се сметаат и членовите на семејството на детето жртва чија смрт настапила како резултат на кривичното дело и кои претрпеле штета како последица на смрт на детето жртва;

- дете жртва е и дете што промовира, прифаќа, поддржува, оправдува, се залага и учествува во дејствија на радикализација, насилен екстремизам и тероризам, тешки облици на насилство, масовни миграциски движења, ксенофобија и други тешки форми на екстремизам.[16]

---

[14] Член 14 од ЗПД.
[15] Г. Лажетиќ и др., Казнено процесно право – учебно помагало, Скопје, 2015, стр. 51.
[16] Justice for Children in the Context of Counter-Terrorism: A Training Manual, UNODC, UNITED NATIONS Vienna, 2019, file:///C:/Users/Gordana/Downloads/240d9bfc-en.pdf; Национална стратегија

### 1.3. (До)уредување на постапките со ресторативен карактер

Пробивот на ресторативната правда во нашето казнено законодавство општо и во однос на законодавството што се однесува на децата е реалност речиси две декади.[17] Во постапките за ресторативна правда[18] во ЗПД се инкорпорираат два клучни стандарди предвидени во: Конвенцијата за правата на детето и Ријадските правила на Обединетите нации за превенција на малолетничка деликвенција: заобиколување (diversion) на судската постапка и моделот на ресторативна правда (повторно воспоставување на состојбата пред спорот) со примена на мерки на помош и заштита спрема дете во ризик и уредување на постапката на посредување меѓу Центарот за социјална работа и детето заради враќање на имотната корист или надоместување на штетата што ја направило детето. Овие стандарди се содржани и во Директивата EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата што се осомничени или обвинети во кривична постапка.

### 1.4. Надградување на одредбите во однос на постапката спрема деца

Детето на кое му се става на товар дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок има право на правично судење во разумен рок пред независен и непристрасен суд. Тоа може да биде испитувано само во присуство на неговиот бранител, а трошоците за правна помош од адвокат паѓаат на товар на судскиот буџет на РСМ кога родителите/-от, односно старателот не се во состојба да ги надоместат.

Во членовите 97 и 98 е транспонирана Директивата EU 2016/800 на Европскиот парламент за процедурални заштитни мерки за децата осомничени или обвинети во кривичната постапка и во нив се уредува правото на дете на поука за правата и право да биде придружувано од родителите/-от, односно старателот во текот на испитувањето пред органот што ја води постапката или од друго полнолетно лице определено од детето. Во контекст на начелото за најдобар интерес на детето, постои посебна обврска при преземањето на дејствијата на кои присуствува дете, а особено при неговото испитување, органите што учествуваат во постапката се должни да постапуваат претпазливо, водејќи сметка за психофизичката состојба, чувствителноста и личните особини на детето, со цел

за борба против тероризмот 2023-2027, Влада на РСМ, 2023, https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_bpt_2023-2027.pdf; Национална стратегија за спречување насилен екстремизам, Влада на РСМ, 2023, https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf.

[17] В. Камбовски и др., Коментар на Законот за правда за децата со практикум, Скопје, 2018; Г. Лажетиќ, Л. Нанев, О. Кошевалиска, Постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, универзитетски учебник, Скопје, 2015.

[18] Постапките на ресторативна правда се: постапката за мерки на помош и заштита (членови 26-31 од ЗПД); постапката на посредување заради обесштетување во ЦСР (член 32 од ЗПД), примената на мерки за одвраќање (членови 77-81 од ЗПД) и постапката за медијација (членови 82-89 од ЗПД).

водењето на постапката да не влијае штетно врз развојот на детето. Во постапката спрема деца, ЦСР има право да се запознае со текот на постапката, во текот на постапката да става предлози и да укажува на фактите што се однесуваат на личноста и околностите во кои живее и се развива детето, а се од важност за донесувањето правилна одлука. Без дозвола на судот не смее да се објави текот на постапката спрема детето, ниту одлуката донесена во таа постапка.

### 1.5. Детално регулиран главен претрес

За првпат ЗПД од 2024 година добива карактер на процесен закон со оглед на фактот што главниот претрес е детално регулиран во ЗПД наместо упатување на одредбите на ЗКП.

Ова беше неопходно ако се има предвид дека системот на кривична постапка во ЗКП не одговара на начинот на кој треба да се испитува детето (директно, вкрстено, дополнително испитување). Главниот претрес е пропишан согласно претходно важечкиот ЗКП во нашата држава,[19] со доминантна улога на судијата и нагласен судски патернализам.[20]

Оттука, во новиот ЗПД се пристапи кон пропишување на следниве аспекти:

- подготовки на главен претрес;
- прибавување докази пред главен претрес;
- тек на главниот претрес;
- сослушување на детето и негово испитување, кое треба да се врши на начин што е во најдобар интерес на детето, со почитување на неговата возраст, зрелост и личност (член 142 став 8 од ЗПД);
- доказна постапка – сослушување на сведоците и вештаците и изведување писмени и материјални докази;
- измена на предлогот за изрекување санкција.

Во членот 137 се транспонира Директивата EU 2016/800 на Европскиот парламент за процедурални заштитни мерки за децата осомничени или обвинети во кривичната постапка. Под влијание на процесите за дигитализација се уредува дека седницата на советот за деца, односно главниот претрес може да се одржат и со помош на електронски технички средства што обезбедуваат двонасочна комуникација без заедничко присуство на сите или на дел од учесниците во судницата.

### 1.6. Заштита на детето жртва или сведок во кривичната постапка

Во членовите 166-176 од ЗПД се транспонира Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220/ЈНА и се уредува заштита на

[19] Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/97, 44/2002, 74/2002, 83/2008, 67/2009 и 51/11).

[20] Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Казнено процесно право, Дополнето издание, Академик, Скопје, 2011.

детето како жртва или сведок во кривичната постапка. Согласно основните начела на ЗПД, децата жртви на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица жртви пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка, како и посебните права признаени со Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни договори ратификувани согласно Уставот на РСМ и децата жртви на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и децата сведоци уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, со цел да се намалат негативните последици врз нив од кривичното дело и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето и да се поттикнат да побараат заштита пред надлежен суд.

Под влијание на Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал, проширени се правата на детето жртва и сведоци со следниве права:

- да биде заштитено од застрашување и одмазда;
- да биде придружувано од родителите/-от, односно старателот или друго полнолетно лице во текот на постапувањето пред органот што ја води постапката;
- да биде информирано детето за сите прашања во врска со кривичното дело, кривичната постапка и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот;
- давање исказ во услови што се адаптирани на неговите потреби и развој во безбедна околина;
- давање еден исказ без неоправдано одолжување по поднесување на кривичната пријава, кој се снима во согласност со одредбите на овој закон и се користи како доказ во текот на постапката;
- родителите/-от, односно старателот да бидат информирани за укинување на притворот или друга мерка за обезбедување присуство на детето во судир со законот или на обвинетиот и за отпуштање на осудениот од издржување на казната затвор;
- родителите/-от, односно старателот да бидат информирани за секоја одлука со која правосилно се запира, односно завршува кривичната постапка;
- информации во врска со пристапот до медицинска помош и другите облици на помош и поддршка како во текот, така и по завршување на кривичната постапка;
- право на пристап до служби за поддршка на жртвите обезбедени преку органи, установи и организации и други права пропишани со закон;
- родителите/-от, односно старателот имаат право на пристап до служби за поддршка на жртвите обезбедени преку органи, установи и организации и други права пропишани со закон во зависност од потребите и степенот на штетата претрпена како резултат на кривичното дело сторено против жртвата.

Исто така, согласно оваа директива се уредува право на дете жртва на индивидуална процена на жртвата со цел да се утврди дали постои потреба за примена на една или повеќе посебни мерки за процесна заштита. При

индивидуалната процена на жртвата особено се земаат предвид личните карактеристики на детето жртва, неговата психофизичка развиеност, видот и природата на кривичното дело и околностите на неговото извршување. Посебно внимание им се посветува на децата што претрпеле тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело поради тежината на кривичното дело, жртвите на кривично дело сторено поради некои лични карактеристики на жртвата и на жртвите чиј однос со сторителот е особено ранлив.

### 1.7. Превенција на детското престапништво

Во членовите 177-181 од ЗПД, со кои се уредува превенција на детско престапништво, се вградени определени новини. Имено, се надополнува називот на претходниот Државен совет за превенција на детско престапништво во Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца, како самостоен и независен во вршењето на работите определени со овој закон. Има измени и во составот на Државниот совет, а, имено, се вклучува претставник од Министерството за здравство, додека, пак, на седниците, освен претставници на Народниот правобранител и УНИЦЕФ, се поканува да присуствува и претставник на ЗЕЛС. Истовремено, се воведува надлежност на Државниот совет на интернет-страницата да објавува превентивни програми и едукативни материјали и програми, пристапи и алатки изработени од државните институции или граѓански организации, кои се доставени и се проценети како соодветни за објавување од страна на Државниот совет.

### 1.8. Прекршочна постапка

Во членот 157 се уредува постапката за спогодување на предлог на МВР, со кој сторителот на прекршокот ќе ги отстрани последиците на прекршокот или ќе исполни некоја обврска предвидена со закон. Прекршочна постапка спрема детето може да се поведе пред судијата за деца за дејствија што со закон се предвидени како прекршоци согласно Законот за прекршоците, само ако случајот не е решен со спогодување. Во прекршочната постапка, родителите/-от, односно старателот, како и ЦСР имаат право да се запознаат со текот на прекршочната постапка, да учествуваат во сите дејствија што ги презема судијата за деца, да даваат предлози и да укажуваат на фактите што се однесуваат на личноста и околностите во кои живее и се развива детето, а кои се од важност за донесување правилна одлука.

## 2. Трендови и состојби на детско престапништво за периодот од 2019 до 2023 година

Во овој дел од трудот, авторките направија споредба на податоците што се достапни во Годишните извештаи на Државниот совет за превенција и правда за децата за периодот од 2019 до 2023 година, поради тоа што Државниот совет е

единствен орган во РСМ што води статистика според индикатори што се релевантни за следење на имплементацијата на ЗПД.[21]

## а. Деца во ризик

*а) Според институции*

Состојбата со децата во ризик се мери преку бројот на деца во ризик што биле упатени во центрите за социјална работа преку известувања од страна на Министерството за внатрешни работи и други институции, здруженија на граѓани или поединци. Извори на податоци за овие индикатори се 30 центри за социјална работа во државата.

Во сите извештајни години, центрите имаат евидентирано деца во ризик, освен во 2019 година, кога во Ресен нема евидентирано дете во ризик и Кратово во 2022 година.

**Табела бр. 1: Број на деца во ризик според години и број на известувања за децата од институции до центрите за социјална работа во периодот од 2019 до 2023 година**

| Година | Број на деца во ризик | Број на известувања за деца во ризик од институции и поединци до центрите за социјална работа |
|---|---|---|
| 2019 | 2 035 | 2 141 |
| 2020 | 1 850 | 1 856 |
| 2021 | 2 184 | 2 184 |
| 2022 | 3 284 | 3 284 |
| 2023 | 3 706 | 3 786 |
| Вкупно | 13 059 | 13 251 |

Податоците укажуваат на трендот на зголемување на бројот на деца во ризик на годишно ниво, и тоа од 2020 година, кога бројот бил најнизок (1 850 деца) до 2023 година, кога има евидентирано најголем број деца во ризик (3 706).

**Табела бр. 2: Број на деца во ризик според години и број на известувања од институции до центрите за социјална работа во периодот од 2014 до 2018 година**

| | | |
|---|---|---|

[21] Годишни извештаи за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите од областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година, 2020 година, 2021 година, 2022 година и 2023 година.

| Година | Број на деца во ризик | Број на известувања за деца во ризик од институции и поединци до ЦСР |
|---|---|---|
| **2014** | **2 062** | **2 137** |
| **2015** | **2 131** | **2 245** |
| **2016** | **1 678** | **1 904** |
| **2017** | **1 444** | **1 369** |
| **2018** | **1 689** | **1 689** |
| **Вкупно** | **9 004** | **9 344** |

Од анализата на истите податоци за периодот од 2014 до 2018 година, кога бројот на деца во ризик се движел од 2 062 во 2014 година до 1 444 деца во 2017 година и имал тренд на опаѓање, во последните пет години има досега највисок број евидентирани деца во ризик во државата во последните десет години.

Бројот на известувања од институции и поединци најчесто го следат бројот на упатени деца. Се издвојува една карактеристика, при што во 2020, 2021 и 2022 година бројот на деца во ризик и известувања е идентичен, што е речиси невозможно и најверојатно се должи на административна или техничка грешка, односно можеби отсуствува спроведување процес на проверка на квалитетот на објавените податоци. Најголем број известувања се добиени од Јавното обвинителство, од 279 во 2021 година до 1 648 во 2023 година, што досега е најголем број. Потоа од Министерството за внатрешни работи, каде што бројот на известувања е висок и не е под 687 (во 2020 година) и, секако, највисок во 2023 година, односно 1 116 известувања. Нема ниту едно известување од дете и оштетен, многу мал број од здравствени институции и здруженија на граѓани. Карактеристично е тоа што има голем број известување назначени под „друго“, а не е јасно нивното потекло бидејќи во индикаторот се понудени сите институции/поединци што може да пријават дете во ризик. Во 2022 година има 309 пријави од родители, а во останатите години нема или бројот е многу мал, што исто така е дискутабилен податок или предизвик за истражување. Училиштата секогаш доставуваат известувања, но тоа е многу мал број во однос на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство.

Причините за оваа тенденција на досега најголемо зголемување на бројот на деца во ризик и известувања доставени до центрите за социјална работа се должат на неколку комплексни и меѓусебно поврзани фактори, вклучувајќи социо-економски, правен и институционален аспект. Поконкретно, зголемена сиромаштија и висока стапка на невработеност како можен основ за занемарување и злоупотреба на децата, социјална исклученост и изолација на семејствата и лоши услови за живот. Како причини, секако, потребно е да се земат предвид социјалните и семејните промени изразени преку иселување на родителите и оставање на децата без соодветна родителска грижа, самохрани и еднородителски семејства, зголемено работно време и неможност за балансирање со семејните обврски, недостиг на социјална поддршка, институционална немоќ и отсуство на ресурси и примарна превенција.

***Препорака: Ова е алармантна состојба, која бара брзи интервенции, активирање на институциите, формирање и функционирање на***

***Општинските совети за превенција на детско престапништво, максимална активност на Државниот совет и ставање во функција на Националната стратегија за превенција и правда за децата.***

*б) Според пол на децата*

Во однос на полот на децата во ризик, се забележува стабилност во учеството на машките деца од 81 % до 85 % во периодот од 2014 до 2018 година и од 77 % до 86 % во периодот од 2019 до 2023 година. Но, се забележува поголемо учество на девојчињата, при што процентот во последните пет години се движи од 14 % до 23 %, за сметка на претходниот петгодишен период каде што процентот на девојчиња во просек бил 16 % и никогаш не надминал 19 %.

**Табела 3: Деца упатени во центрите за социјална работа според пол**

| Година | Деца од машки пол | Деца од женски пол |
|---|---|---|
| 2019 | 79 % | 21 % |
| 2020 | 86 % | 14 % |
| 2021 | 77 % | 23 % |
| 2022 | 85 % | 15 % |
| 2023 | 80 % | 20 % |

Научните и стручните работници секогаш имале објаснување за тоа зошто машките деца почесто се изложени на ризик да дојдат во допир со законот, и тоа најчесто поради традиционалните ставови и верувања за позицијата на машкото дете во семејството, одредени влијанија на локалната средина, позицијата во машката врсничка група, но и одредени стереотипи и предрасуди.

***Препорака: Добиените податоци укажуваат на потребата за подлабинско објаснување затоа зошто женската група станува ризична и се зголемува учеството на девојчињата. Ова бара преземање итни превентивни активности од страна на институциите, општинските совети и Државниот совет.***

*в) Според територијалната припадност*

Според територијалната припадност, најголем број деца во ризик се од големите градски средини.

Градот Скопје, како територијално најнаселена средина, во претходната петгодишна анализа (2014–2018 г.) не е град со најголем број евидентирани деца во ризик, што не е случај со сегашната ситуација. Имено, во Скопје рапидно е зголемен бројот на деца во ризик, секоја година, со исклучок на 2020 година, кога се евидентирани само 222 деца. Бројот на деца се движи од 587 до 1 726.

Пет градски средини што се појавуваат како високоризични за децата се, освен Скопје и Велес, Битола, Кавадарци, Прилеп, но и Куманово, Неготино, Тетово и Гостивар.

Карактеристично е тоа што во претходната петгодишна анализа, Куманово е град со најголем број деца во ризик (од 260 до 353 деца), а во овој извештаен период, секоја година бројот е под 100 деца. Велес континуирано е град во кој веќе десет години има висок број деца во ризик. А Кавадарци, градот што во претходниот петгодишен период беше оценет како еден од поголемите градови што низ годините не се појавува како ризична средина и бележи мал број деца во ризик, во просек не повеќе од 65 деца на годишно ниво, сега се вбројува во високоризични средини, каде што бројот на деца во ризик се движи од 133 до 248.

Ако во претходната анализа Штип бележел зголемување на бројот на деца во ризик (од 147 до 183), тоа продолжува до 2020 година и оттогаш бројот е под 100 деца, што значи дека има тренд на опаѓање.

***Препорака: На општинско ниво, оваа ситуација е потребно да се спореди со активностите што ги преземаат или не ги преземаат општинските совети за превенција на детско престапништво и податоците со кои располага Државниот совет и потребно е со нив да започне активна работа согласно својата надлежност за давање насоки и препораки за превенирање на зголемената појава.***

*г) Примена на мерките на помош и заштита*

Согласно Законот за правда за децата, за децата во ризик, центрите за социјална работа применуваат мерки на помош и заштита и постапка за посредување како една од мерките за заштита, за што Државниот совет ја следи состојбата преку конкретни индикатори. Со овие индикатори се добива слика спрема колку деца во ризик се применети мерки на помош и заштита, во просек колку мерки добива секое дете и дали има деца кон кои воопшто не се применети мерки на помош и заштита и кои се причините за тоа.

Анализата на податоци од претходниот петгодишен период покажува дека просечно околу 70 % од евидентираните деца во ризик во центрите добиле мерки за помош и заштита, и тоа, во просек, по 3,2 мерки на дете. Во 2017 година дури 82 % од децата ја добиле оваа услуга, но во 2018 година имаме рапидно намалување на само 53 % од децата што ги добиле мерките за помош и заштита, кои се основни превентивни мерки и спречуваат продлабочување на состојбата на ризик, ранливост на децата и влез во престапништво.

**Табела бр. 4: Применети мерки за помош и заштита спрема деца во ризик во периодот од 2019 година до 2023 година**

| Година | Број на деца во ризик | Број на деца во ризик спрема кои се примениле | Број на мерки за помош и заштита | Просечен број на применети мерки по дете | Број на деца во ризик спрема кои не се примениле мерки |
|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | **2 035** | **2 035** | **6 291** | **3,09** | **0** |
| **2020** | **1 850** | **779** | **1 287** | **0,70** | **1 071** |
| **2021** | **2 184** | **2 184** | **4 915** | **2,25** | **0** |
| **2022** | **3 284** | **1 566** | **2 802** | **0,85** | **1 718** |
| **2023** | **3 706** | **2 441** | **5 545** | **1,50** | **1 265** |
| **Вкупно** | **13 059** | **9 005** | **20 840** | **1,69** | **4 054** |

Во анализираниот период од 2019 до 2023 година се забележува зголемување на бројот на деца во ризик, а намалување на бројот на мерки за помош и заштита дадени по дете, односно по 1,69 мерка на дете, за разлика од претходниот анализиран период кога се применувале 3,2 мерки по дете. Карактеристично е тоа што во 2019 и 2021 година, мерки за помош и заштита им се дадени на сите евидентирани деца во ризик, што повторно отвора прашање за тоа дали станува збор за административно-техничка грешка или институционална некоректност.

***Препорака: Согласно новиот ЗПД, потребно е итно менување на Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примена на мерки за помош и заштита на деца и малолетници во ризик што е во надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Предвидување на сите мерки, програми, услуги, ресурси што се на располагање за да може да се запази индивидуализираниот пристап кон детето и родителите и целосно да се одговори на нивните потреби.***

*д) Примена на постапката за посредување во ЦСР*

Посредувањето што детето може да го добие во центрите за социјална работа како можност за соочување со оштетениот, негово обесштетување и надминување на состојбата на ризик е применето кај мал број деца. Слична беше констатацијата и за петте претходно анализирани години (2014–2018 г.), каде што најголема примена оваа мерка имала во 2016 година, и тоа кај 10 % од децата во ризик, а во 2018 година само кон 3 % од децата. Во сите години, посредувањето најмногу се применувало во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, а во другите центри воопшто или незначително.

Но, во последните пет години, примената на постапката за посредување се движи во распон од 0,4 % во 2020 и 2022 година до 2 % во 2019 и 2023 година, или само 177 деца во ризик од вкупно 13 059 евидентирани деца во ризик за пет години, односно 1,3 % од децата. Во 2023 година, посредувањето е успешно спроведено кај осум или 9,7 % од децата кај кои е применето, а во 2022 година е успешно спроведено кај четири или 33 % од децата. Примена на постапката за посредување, освен во Скопје, има и во центрите за социјална работа во Крива Паланка,

Гевгелија, Пробиштип, Струмица, Охрид, Куманово, Велес, Битола, Радовиш, Куманово, од вкупно 30 во државава.

***Препорака: Ако во првата петгодишна анализа беше констатиран мал број деца што ја добиле мерката во последните пет години, може да заклучиме дека тоа, за жал, е симболичен или незначителен број деца, за што е потребен план за обука на професионалците од центрите за социјална работа, како и повторно формирање на службата за деца и млади во центрите за социјална работа каде што ќе работат специјализирани стручни лица за правда и заштита на децата. Државниот совет може да го поддржи овој процес, особено преку номинираните лица од соодветните министерства што се членови во Советот.***

*ѓ) Деца во ризик што извршиле прекршок*

Децата што извршиле дејствие што со закон е предвидено како прекршок согласно Законот за правда за децата се во категоријата деца во ризик, иако влегуваат во судскиот систем и им се изрекуваат прекршочни санкции што ги следат центрите за социјална работа. Државниот совет ја следи состојбата со оваа категорија деца и нивниот третман во системот во однос на тоа дали и колку се користат вонсудските постапки и превентивните активности што треба да се преземат за да се постапи вонсудски со деца и да се превенира да станат деца во судир со законот.

**Табела бр. 5: Прекршочни постапки и прекршочни санкции спрема деца**

| Година | Број на деца што сториле прекршок евидентирани во МВР | Постапка за посредување во МВР | Поднесени барања до суд за прекршочна постапка | Побарани мислења од ЦСР за деца | Изречени санкции од страна на Судот |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 1 156 | 199 | 957 | 1 002 | 972 |
| 2020 | 749 | 57 | 692 | 697 | 1 332 |
| 2021 | 618 | 57 | 561 | 813 | 1 699 |
| 2022 | 926 | 40 | 886 | 746 | 1 320 |
| 2023 | 940 | 110 | 830 | 950 | 1 617 |
| Вкупно | 4 389 | 463 | 3 926 | 4 208 | 6 940 |

Анализата од претходниот петгодишен период на податоци покажува дека најголем број прекршочни постапки се сторени на подрачјето на Скопје, но и во Велес, Тетово и Неготино, а најмал број во Струмица. Во овој период, најголем број прекршоци имаат децата во Тетово, а најмал во Струмица. Се издвојуваат и Скопје и Велес како високоризични урбани средини каде што децата прават прекршочни постапки.

На што упатуваат овие податоци? Рапидно намален број на постапки за посредување во МВР, од 1 132 во периодот од 2014 до 2018 година, на 463 во последните пет години и следствено на таа институционална неефикасност, зголемен е бројот на изречени санкции од страна на судот од 4 159 на 6 940 или за речиси 67 % повеќе водени судски постапки за прекршоци, односно спрема деца во ризик.

***Препорака: Со донесувањето на ЗПД, спогодувањето во прекршочната постапка спрема дете е задолжително. Оваа постапка може да се поведе пред судијата за деца за дејствија што со закон се предвидени како прекршоци само ако случајот не е решен со спогодување. Се очекува дека овие одредби ќе влијаат врз намалување на бројот на деца да се вклучуваат во судски постапки за прекршоци, а тоа ќе придонесе и за растоварување на судовите. Потребно е и активирање на Комисијата во МВР и програмата што има превентивно-едукативен карактер преку директна иницијатива и поддршка од Државниот совет преку номинираните лица од соодветните министерства што се членови во Советот.***

### а) Деца жртви на кривични дела

Воспоставувањето на индикаторот за бројот на деца жртви на кривични дела во 2014 година, кои се бројат во сите сектори, односно во центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, јавните обвинителства и судовите, беше амбициозен потег на Државниот совет, единствен во државата, и претставуваше основа за надградба на овој индикатор во наредните години од страна на Советот, но и други тела и сектори. Индикаторот не доби поконкретна и поквалитетна форма, ниту поддршка од Националното координативно тело за превенција и заштита на деца жртви од насилство, злоупотреба и занемарување што требаше континуирано да известува за оваа категорија деца и да генерира квалитетни податоци.

Но, од анализата на извештаите, како во претходниот петгодишен период, така и во последните пет години, може да се констатираат повеќе недоследности, нејаснотии, отстапување во податоците од различните сектори и тешкотии во прикажувањето релевантен број на деца жртви без тенденција за нивно дуплирање и броење на едно исто дете што минало низ сите сектори во системот за правда за децата. Причини за оваа состојба се различното толкување на дефиницијата за дете жртва на кривично дело во Законот за правда за децата, неунифицираното постапување со децата жртви интерно во секој од секторите, како и од страна на секој сектор поединечно и, секако, отсуството на меѓусекторска соработка.

Во периодот од 2019 до 2023 година, во центрите за социјална работа се евидентирани од 151 дете во 2020 година до 846 деца во 2021 година, споредбено со периодот од 2014 до 2018 година, кога бројот се движел од 88 во 2017 година до 159 во 2018 година. Секако, овие податоци се многу различни од податоците од другите сектори и нема можност за нивно анализирање или компарирање.

***Препорака: Потребно е Државниот совет да биде иницијатор на процесот преку вклучување национални и меѓународни експерти за промена на индикаторот за деца жртви преку широк консултативен процес со вклучување***

***професионалци од сите сектори, усогласување со меѓународните стандарди и препораки за Конвенцијата за правда за децата за земјава и искуствата од процесот на мрежата TransMonEE.***[22]

## б) Деца во судир со законот

Голем дел од Годишните извештаи на Државниот совет е посветен на состојбата на детското престапништво, позицијата на децата во судир со законот, како и постапките и санкциите што се преземаат и се изрекуваат спрема овие деца. Извештаите располагаат со голема база на податоци добиени од голем број институции што постапуваат со децата во судир со законот, кои може и продлабочено да се обработуваат, да се вкрстуваат и да се компарираат или да бидат повод за теренски истражувања. Целта е подобрување на позицијата на децата, нивна заштита, разбирање на етиологијата на состојбата во која се овие деца, но и изнаоѓање соодветни ефективни решенија и развивање ресурси за надминување на таквата состојба.

Индикаторите поврзани со децата во судир со законот даваат можност да се види дали системот има тенденција за вонсудско постапување со децата и давање можности за корекција на однесувањето на децата или се користат санкциите и нивно вклучување во формалниот судски систем.

*а) Повикани, задржани, пријавени деца, изречена санкција или мерка на одвраќање*

За анализа, предизвикувачки е индикаторот со кој се мери процентот на деца што биле задржани во полициска станица во однос на вкупниот број повикани деца во полициски станици по кој било основ. Се следи податок за повикани деца во полициска станица во својство на сведоци и оштетени, но и деца во судир со законот што биле задржани.

**Графикон бр. 1: Повикани, задржани и пријавени деца, изречена санкција или примена на мерки на одвраќање во периодот од 2019 до 2023 година**

---

[22] Transformative Monitoring for Enhanced Equity (TransMonEE), https://www.transmonee.org/.




Генерално, оваа слика е подобрена во однос на претходниот анализиран период од 2014 до 2018 година, кога сме имале повикани деца во полициска станица, од 1 211 до 1 583 деца, задржани од 700 до 1 354 деца, голем број поднесени кривични пријави до Јавното обвинителство, од 1 074 до 1 628 деца, но и број на деца спрема кои Јавното обвинителство поднело предлог за примена на санкции, од 401 до 770 деца. Во овој период имаме намален број повикани деца во полициска станица и бројот се движи од 875 до 1 484 деца, задржани не повеќе од 62 деца на годишно ниво, намален број на кривични пријави до Јавното обвинителство, од 944 до 1 254, речиси идентичен број на поднесени предлози за примена на санкции од страна на Јавното обвинителство, но и намалување на примената на мерки на одвраќање од нивна страна како форма на вонсудско постапување.

Споредено со 2022 година, кога биле повикани вкупно 964 деца, во 2023 година бројката е зголемена за 520 деца или за 54 %.

***Препорака: Полицијата треба да продолжи со позитивниот тренд на постапување спрема децата, а Јавното обвинителство при секоја можност треба да ги користи мерките за одвраќање како превентивни мерки во однос на санкциите. Државниот совет може да работи на поттикнување на овие процеси преку организирање тркалезни маси со учество на меѓусекторски тимови и отворање широки конструктивни дискусии.***

*б) Изречени санкции*

Во годишните извештаи се содржани и податоци во однос на изречените санкции спрема деца кон кои биле водени судските постапки, а кои се претставени во следнава табела:

**Табела бр. 6: Примена на мерки и казни за деца според години за периодот од 2019 до 2023 година**

| Година | Лишување од слобода | | Алтернативни мерки | Изречени мерки на безбедност | Медијација | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Притвор | Затвор за деца | | | ЈО | СУД |
| 2019 | 4 | 3 | 4 | 0 | 11 | 4 |
| 2020 | 4 | 1 | 5 | 0 | 11 | 0 |
| 2021 | 7 | 2 | 25 | 0 | 0 | 0 |
| 2022 | 11 | 4 | 4 | 0 | 7 | 0 |
| 2023 | 10 | 4 | 6 | 1 | 3 | 0 |
| Вкупно | 36 | 14 | 44 | 1 | 32 | 4 |

Во однос на изречените санкции може да се изведат следниве сумарни заклучоци:

- во најголем број случаи се применуваат мерки/санкции што не вклучуваат лишување од слобода на децата што кореспондира со Законот за правда за децата;
- најзастапена воспитна мерка е засилениот надзор од страна на родители;
- се забележува зголемен тренд на изречена дисциплинска мерка – укор;
- мерката за засилен надзор од страна на згрижувачко семејство воопшто не била изречена во текот на анализираниот период, како и во претходниот анализиран период;
- упатување во Центар за деца било изречено за вкупно 16 деца (4 деца во 2019, 10 во 2020 и по едно дете во 2021 и 2022 година), но нема информација каде и дали воопшто е спроведена мерката затоа што на територија на државата нема Центар за деца;
- ВПД во поголема мера бил изрекуван во текот на 2020 и 2021 година, а се бележи тренд на намалување во текот на 2022 и 2023 година;
- затвор за деца е изрекуван за помал број деца, односно за 14 во однос на претходниот период, кога во затвор биле упатени 23 деца, што е забележителен тренд на намалување;
- незначително зголемување на бројот на алтернативните мерки спрема деца, 44 во однос на 39 во периодот од 2024 до 2018 година;
- судовите и јавните обвинителства многу малку или воопшто не ги користат формите на ресторативна правда: медијација (11 од ЈО и 4 од суд за пет години), примена на мерки на одвраќање и постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната во постапките спрема деца како законска предвидена можност;
- спрема едно дете е изречена мерка на безбедност.

*г) Примена на посебни облици на постапување*

Примената на постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната што е во надлежност на јавниот обвинител во Законот за правда за децата претставува форма на интервенција/диверзија во судската постапка.

Во текот на анализираниот период, оваа постапка била применета само кон едно дете, што е идентично со претходно анализираниот период.

*д) Остварување на правото на обесштетување деца жртви*

Во текот на анализираниот период се забележува дека биле донесени правосилни решенија за обесштетување дете жртва, и тоа вкупно 11 во последните две години, но нивната реализација се спроведува со тешкотии. Во претходниот петгодишен период биле донесени 20 решенија.

*ѓ) Остварување на правото на бранител на дете во ризик и во судир со законот*

Во текот на анализираниот период е зголемен бројот на деца што го оствариле правото на адвокат во текот на полициското постапување, и тоа над 50 % од повиканите деца, а во постапувањето пред центрите за социјална работа, бројот на деца е помал и се движи од 20 деца до 75 на годишно ниво. Согласно овие параметри, може да се заклучи дека е подобрена ситуацијата од претходно анализираниот период, кога многу малку деца го искористиле ова право.

## 3. Заклучни согледувања

Легислативно, новиот ЗПД ги транспонирал релевантните директиви на ЕУ и ги задоволува стандардите што се потребни за унапредување на системот за правда за децата, заштита на децата жртви и сведоци и нагласена превенција на детското престапништво.

Генерален заклучок од анализата на трендовите е дека бројот на деца во ризик во последните пет години (од 2019 до 2023 година) е значително зголемен, при што во 2023 година се евидентирани најголем број деца во ризик досега во државава, односно 3 706 деца, за разлика од претходниот петгодишен период, кога имало тенденција на опаѓања на годишно ниво.

Иако доминираат машките деца, во овој период се забележува поголемо учество на девојчиња од претходната анализа. Скопје е град со најголем број деца во ризик, што не било случај во претходно анализираниот петгодишен период, а достигнал и до 1 726 деца во една година. Освен Скопје, и следниве градски средини се појавуваат како високоризични, и тоа: Велес, Битола, Кавадарци, Прилеп, Куманово, Неготино, Тетово и Гостивар.

Иако е зголемен бројот на деца во ризик, намален е бројот на мерки за помош и заштита дадени по дете, односно институциите реализирале само по 1,69

мерка на дете, за разлика од претходно анализираниот период, кога се применувале 3,2 мерки по дете, што говори за институционалната неефикасност и отсуството на превенција. Постапката за посредување во центрите за социјална работа ја добиле само 1,3 % од децата во ризик, за разлика од претходниот петгодишен период, кога ја добиле 10 % од децата, спроведено кај осум или 9,7 % од децата кај кои е применета, а во 2022 година успешно е спроведена кај четири или 33 % од децата.

Најголем број деца што сториле прекршок се евидентирани на подрачјето на Скопје, но и во Велес и Тетово, а рапидно е намален бројот на постапки за посредување во Министерството за внатрешни работи, од 1 132 во периодот од 2014 до 2018 година на 463 во последните пет години и, следствено на таа институционална неефикасност, зголемен е бројот на изречени санкции од страна на судот, од 4 159 на 6 940.

Зголемен е бројот на деца жртви евидентирани во центрите за социјална работа, но поради поставеност на индикаторот, невозможна е споредба според институции. Забележан е тренд на намалување на повикани и задржани деца во полициска станица, како и намален број на кривични пријави до Јавното обвинителство, а речиси идентичен број на поднесени предлози за примена на санкции од страна на Јавното обвинителство и намалување на примената на мерки на одвраќање од нивна страна како форма на вонсудско постапување. Во најголем број случаи се применуваат мерки/санкции што не вклучуваат лишување од слобода на децата, најзастапени се мерките за засилен надзор од родител, а се забележува мал број изречени алтернативни мерки.

Евидентно е дека судовите и јавните обвинителства во многу малку случаи или воопшто не ги користат формите на ресторативна правда.

И покрај можноста што ја дава Законот за правда за децата за примена на ресторативна правда, мерки на одвраќање, алтернативни мерки, медијација и слично, согласно прикажаните податоци, се наметнува прашањето дали и колку се исполнува концептот на правда за децата во нашата држава и дали се имплементираат понудените вонсудски модели на постапување.

Законските одредби недоволно се имплементираат во практиката и децата недоволно ги добиваат предвидените мерки што означуваат превенција, заштита, ресоцијализација и рехабилитација. Причините се мултифакторски и се движат од глобалните општествени негативни трендови, непостоењето посебна буџетска линија за деца што би се препознавала во институциите и би била наменета за таа потреба, недостигот на ресурси за развивање на сите понудени законски можности за вонсудско постапување, ограничените знаења и компетенции на професионалците во сите сектори, институционалната неефикасност, па сè до слабата меѓусекторска соработка. Секако, за поконкретни причини за појава и зголемување на бројот на децата во ризик и детското престапништво, потребно е спроведување опсежно теренско истражување што може да го иницира и да го спроведе Државниот совет.

Зајакнувањето на овие аспекти значи поголеми можности за примена на заштитни, воспитни и превентивни мерки. Активирањето на единиците на локалната самоуправа, создавањето мрежа на ресурси за превенција, ресоцијализација и реинтеграција на децата преку формирање и активирање на општинските совети за превенција на детско престапништво што согласно

специфичните потреби на децата и граѓаните развиваат локални ресурси. Нивното следење од страна на Државниот совет, помош, поддршка преку организирање работни средби, размена на добри практики и надминување на предизвиците би имале ефект во однос на состојбата на децата и семејствата во локалните заедници.

Донесувањето на подзаконските акти предвидени во Законот за правда за децата би значело поефикасно постапување на институциите, изработка на адекватен курикулум за зајакнување на професионалните капацитети во сите сектори и меѓусекторска соработка. Во недостиг на оваа иницијатива од страна на посочените министерства во законот, потребно е членовите во Државниот совет што се номинирани од засегнатите министерства да ги иницираат овие процеси.

Максимална проактивност на Државниот совет по сите законски одредби во рамките на својата надлежност, негова видливост и присуство во јавноста, во стручните и научните институции, како и граѓанскиот сектор, покренување иницијативи за запознавање на децата и граѓаните со сите форми на заштита од насилство, детско престапништво, болести на зависност, права на децата, како и активирање на сите превентивни програми, едукативни материјали, пристапи и алатки за превенција.

Дел од овие предизвици се констатирани и од страна на Државниот совет за превенција на детското престапништво во годишните извештаи и препораките што се доставуваат до релевантни институции од највисоко ниво, од кои се очекуваат позитивен одговор и поддршка за градење функционален систем за превенција на детското престапништво на државно и на локално ниво.

**Користени извори:**

Закон за правда за децата, „Службен весник на РСМ“ бр. 66 од 20.03.2024;

Г. Лажетиќ/Н. Петровска, Состојбата со детското престапништво низ извештаите на Државниот совет за превенција на детско престапништво, Меѓународен ден за толеранција на тема: Ефектот од имплементација на Конвенцијата за правата на детето, Центар за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, МАНУ, 20.11.2019;

Directive (EU) 2016/343 of the European Parliament and of the Council on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings;

Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings;

Directive 2013/48/EU of the European Parliament and of the Council on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and in European arrest warrant proceedings, and on the right to have a third party informed upon deprivation of liberty and to communicate with third persons and with consular authorities while deprived of liberty;

Directive 2012/13/eu of the European Parliament and of the Council on the right to information in criminal proceedings;

Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA;
Directive 2011/36/EU of the European Parliament and of the Council of April 2011 on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims, and replacing Council Framework Decision 2002/629/JHA (OJ L101, 15.4.2011, p. 1);
Directive 2011/93/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA (OJ L335, 17.12.2011, p. 1);
Directive (EU) 2017/541 of the European Parliament and of the Council of 15 March 2017 on combating terrorism and replacing Council Framework Decision 2002/475/JHA and amending Council Decision 2005/671/JHA;
General comment No. 24 (2019) on children's rights in the child justice system, Committee on the Rights of the Child, UN, 18.09.2019;
Guidelines on the assessment and determination of the best interests of the child, guidelines for professionals, Sarajevo, June 2018;
The best interests of the child – A dialogue between theory and practice, Council of Europe, March 2016;
Implementation handbook for the Convention on the rights of the child, Fully revised third edition, United Nations Children's Fund 2007;
Г. Лажетиќ и др., Казнено процесно право – учебно помагало, Скопје, 2015, стр. 51;
Justice for Children in the Context of Counter-Terrorism: A Training Manual, UNODC, UNITED NATIONS Vienna, 2019, file:///C:/Users/Gordana/Downloads/240d9bfc-en.pdf;
Национална стратегија за борба против тероризмот 2023–2027, Влада на РСМ, 2023, https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_ strategija_bpt_ 2023-2027.pdf;
Национална стратегија за спречување насилен екстремизам, Влада на РСМ, 2023, https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf;
В. Камбовски и др., Коментар на Законот за правда за децата со практикум, Скопје, 2018;
Г. Лажетиќ, Л. Нанев, О. Кошевалиска, Постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, универзитетски учебник, Скопје, 2015.
Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Казнено процесно право, Дополнето издание, Академик, Скопје, 2011;
Годишни извештаи за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година, 2020 година, 2021 година, 2022 година и 2023 година.

**Prof. Dr. Gordana Lažetić**[23]
**Dr. Nevena Petrovska**[24]
**Tanja Kikerekova**[25]

# MAJOR AMENDMENTS TO THE LAW ON JUSTICE FOR CHILDREN IN THE LIGHT OF TRENDS AND SITUATIONS IN CHILD CRIME

## Abstract

Justice for children in our country has been significantly improved with the adoption of the new Law on Justice for Children. The purpose of this paper is brief review of the most important amendments to the law in light of the EU Directives that have been transposed into the provisions of the law. The principle of the best interests of the child, which is defined for the first time in the provisions of the law is particularly emphasized, and a review is made of the expanded scope of the term of a child victim and the expansion of the rights of the victim. It is particularly important that the main hearing is prescribed in detail and the provisions regarding the prevention of child delinquency have been improved. The paper also analyzes the trends and situations with child delinquency in the period 2019-2023, which shows that some of the legal provisions are insufficiently used in practice, and it is also necessary to strengthen inter-institutional cooperation.

**Keywords:** child at risk, child in conflict with the law, child victim, best interests of the child, Law on Justice for Children, prevention of child delinquency

---

[23] Professor at the Faculty of Law "Justinianus Primus" - Skopje, University "St. Cyril and Methodius" - Skopje
[24] Advisor at the Public Institution Institute for Social Activities - Skopje.
[25] Head of the Sector for International Legal Cooperation at the Ministry of Justice of the Republic of Macedonia.